# ЗАПИСНИК

Од одржаната 43-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 28.02. 2024г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата беа присутни сите (9) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Наумче Смилевски и Александар Канзуровски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител и Николина Лозановска – советник.

Гости на 43-та седница на Советот на Општина Новаци беа Андреј Наумовски - претседател на „МГА“ и Драган Каранфиловски жител од с. Горно Агларци.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 42-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Новаци;
3. Разгледување и донесување на Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјени канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2024 година;
4. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програмата за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;
5. Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Планот за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;
6. Разгледување и донесување на Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2024 год.;
7. Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество на Општина Новаци за реализација на проект;
8. Разгледување и усвојување на Извештајот за извршен попис на инвентар, опрема и возила за 2023 год. и Извештајот на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2023 год.;
9. Разгледување и усвојување на Годишна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци за период од 01.01.2023 – 31.12.2023 година;
10. Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална хигиена“ - Новаци за разрешување на 3 (три) члена од Надзорен одбор и именување на нови членови;
11. Разгледување и донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисијата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Новаци и Општина Могила;
12. Советнички прашања.

**<u>Дополнување:</u>** Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош:
13.Разгледување на Барање за финансиска помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш;
14.Разгледување на Барање за финансиска помош на Звонко Богојевски од с. Новаци;
15. Разгледување на Барање за финансиска помош на Ленче Крстевска од с. Живојно;
16. Разгледување на Барање за финансиска помош на Биљана Митровска од с. Живојно;;
17. Разгледување на Барање за финансиска помош на Соња Јовановска од с. Новаци;
18. Разгледување на Барање за финансиска помош на Сузана Караколевска од с. Гермијан;;
19. Разгледување на Барање за финансиска помош на Маја Стевановска-Наумовска од с. Д. Агларци;
20. Разгледување на Барање за финансиска помош Пранвера Ѓони од с. Добромири;
21. Разгледување на Барање за финансиска помош на Коле Мицевски од с. Бач;
22.Разгледување на Барање за финансиска помош на Оливер Митровски од с. Д. Агларци;
23. Разгледување на Барање за финансиска помош на Виолета Бошевска од Битола.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 43-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 4 (четири) точки кои поради својата итност, неодложно треба да се разгледат на оваа седница.

24. Разгледување и донесување на Програма за одржување, санација и реконструкција на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2024 година;
25. Разгледување на Барање од Здружението за младиски активизам -Младинска граѓанска акција од Новаци, за давање на користање на деловен простор кој се наоѓа во Младински културен центар во Новаци ;
26. Разгледување на Барање од МЗ на с. Орле за набавка на ребраст лим од 120 м² за реконструкција на кровот на црквата „Св. Недела“;
27. Разгледување на Барање од Драги Каранфиловски од с. Горно Агларци.

Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** го прифати предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 43-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 27 (дваесет и седум) точки, со тоа што точката бр. 12 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 27.

**1 точка** <u>Разгледување и усвојување на Записникот од 42-та седница на Совет на Општина Новаци</u>

По разгледувањето, Записникот од 42-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>9 гласа за</u>**.

**2 точка** <u>Разгледување и донесување на Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Новаци;</u>

По однос на првата точка, Анета Киселоска - раководител им објасни на советниците во што се состои измената и дополнувањето на Статутот на Општина Новаци. Имено измените се состојат во делот - Посебни тела на Општината т.е поконкретно во делот Совет за заштита на потрошувачи, потоа во делот Локален младински совет како и промена на општиските симболи (грбот и знамето) кои со Одлука на Совет се променети во 2019 год., но како такви не се вметнати во Статутот.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **9 гласа за** донесе Одлука за прифаќање на Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Новаци и Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци.

**3 точка** Разгледување и донесување на Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјени канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2024 год;

По однос на третата точка советниците добија информација за Обемот на работите и средствата за реконструкција и одржување на полски патишта на подрачјето на Општина Новаци за 2024 год. За реализација на Програмата, Општина Новаци од сопствениот буџет ќе издвои 2.408.380,00 ден.

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **9 гласа** донесе Програма за санација, одржување на полски патишта и чистење на земјани канавки покрај локални и полски патишта во Општина Новаци за 2024 година.

**4 точка** Разгледување и донесување на измени и дополнувања на Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;

Советот на Општина Новаци беше информиран од Анета Киселоска – раководител, дека измената и дополнувањето се состои во тоа што се додава дека бездомните кучињата треба да се обезбедат со ушни маркици согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните.

Советот на Општина Новаци по разгледувањето со **9 гласа за** донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година.

**5 точка** Разгледување и донесување на измени и дополнувања на План за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година;

Советот на Општина Новаци воочи дека промената на Програмата наметнува потреба од горенаведената измена и дополнување и на Планот за заштита и благосостојба на животните.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе План за изменување и дополнување на Планот за заштита и благосостојба на животните-третман на бездомни кучиња односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2024 година.

**6 точка** Разгледување и донесување на Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2024 год.;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата според која единиците на Локалната самоуправа се должни да преземаат активности за заштита на населението од заразни болести и да превземат мерки за заштита од заразни болести со што би се спречила појава на сериозни заразни заболувања кои се пренесуваат преку вектори.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Акционен план и Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за подрачјето на територијата на Општина Новаци за 2024 година.

**7 точка** Разгледување и донесување на Одлука за сопствено учество на Општина Новаци за реализација на проект;

Градоначалникот на Општина Новаци им го презентираше Проектот проект – "Timeless Trail Tour", што Општина Новаци го аплицираше и беше одобрен од „The Regional Rural Development Standing Working Group (SWG)" за чија реализација Општина Новаци треба да учествува со сопствени средства во износ 129.765,00 денари додека вкупната вредност на проектот изнесува 283.515,00 денари

Советниците развија дискусија по оваа точка при што ги изнесоа своите ставови и мислења во врска со ваков тип на проекти. По дискусијата Советот на Општина Новаци гласаше така што со **6 гласа за и 3 гласа против** донесе Одлука за сопствено учество на Општина Новаци за реализација на проект.

**8 точка**: Разгледување и усвојување на Извештајот за извршен попис на инвентар, опрема и возила за 2023 год. и Извештајот на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2023 год.;

Советот ги разгледа Извештајот за извршен попис на инвентар, опрема и возила за 2023 год. и Извештајот на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2023 год. и при тоа беа известени за инвентарот кој недостига, а кој се провлекува години station наназат.

Советот на Општина Новаци по рагледувањето, точката ја стави на гласање, така што со
**8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Извештај за извршен попис на инвентар, опрема и возила во Општина Новаци за 2023 година и Одлука за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2023 година;

**9 точка:** Разгледување и усвојување на Годишна сметка на ООУ „Славко Лумбарковски" Новаци за период од 01.01.2023 – 31.12.2023 година;

По однос на оваа точка советниците ја разгледаа Годишната сметка и по кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за усвојување на Годишна (Завршна) сметка на ООУ „Славко Лумбарковски" Новаци за 2023 година.

**10 точка:** Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална хигиена" - Новаци за разрешување на 3 (три) члена од Надзорен одбор и именување на нови членови;

Надзорниот одбор на „Комунална хигиена" – Новаци треба да претрпи измени затоа што два члена заминаа на работа во странство, а еден член има потреба да се замени поради судир на интереси. Комисијата за именување ги предлага Александар Вајдевски, Гоце Талевски и Николче Ристевски за нови членови на Надзорен одбор на „Комунална хигиена" – Новаци.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за разрешување и именување на членови на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиско работење на ЈПКД ,,Комунална Хигиена" Новаци.

**11 точка** Разгледување и донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисијата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Новаци и Општина Могила;

Советниците беа информирани дека следен чекор во воспоставување на соработката меѓу Општина Новаци и Општина Могила е формирање на заедничка комисија со преставници од двете општини. Комисијата за именување како членови во заедничката комисија на МОС ги предлага Анета Киселоска и Благој Бежановски, вработени во Општина Новаци.

Советот на Општина НОваци со **9 гласа за** донесе Решение за именување на членови во заедничката комисија за Општина Новаци;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош Советот на Општина Новаци ги разгледа следните точки:

*****(советниците Александар Канзуровски и Љупчо Петровски беа отсутни за време на разгледувањето на точките 12,13,14 и 15)

**12 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш;

Советниците го разгледаа Барањето на Љупчо Митковски кое се однесува за неговата ќерка Јагода, како лице со посебни потреби, така што со **7 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Љупчо Митковски од с. Рапеш во износ од 20.000,00 ден.

**13 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Звонко Богојевски од с. Новаци;

Советниците го разгледаа Барањето на Звонко Богојевски како лице со здравствени проблеми, така што со **7 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Звонко Богојевски од с. Новаци во износ од 20.000,00 ден.

**14 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Ленче Крстевска од с. Живојно;

Советот го разгледа Барањето на Ленче Крстевска од с. Живојно како лице со здравствени проблеми, така што со **7 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Ленче Крстевска од с. Живојно во износ од 10.000,00 ден.

**15 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Биљана Митровска од с. Живојно;

Советот го разгледа Барањето на Биљана Митровска кое се однесува за нејзиниот син Илија како лице со посебни потреби, така што со **7 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Биљана Митровска од с. Живојно во износ од 20.000,00 ден.

*****(Советникот Александар Канзуровски беше отсутен за време на разгледувањето на точките 15, 16, 17, 18 и 19).

**16 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Соња Јовановска од с. Новаци;

Советот го разгледа Барањето на Соња Јовановска кое се однесува за нејзиниот син Сашо како лице со посебни потреби, така што со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Соња Јовановска од с. Новаци во износ од 20.000,00 ден.

**17 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Сузана Караколевска од с. Гермијан;

Советниците го разгледаа Барањето на Сузана Караколевска како лице со здравствени проблеми така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Сузана Караколевска од с. Гермијан во износ од 20.000,00 ден.

**18 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Маја Стевановска-Наумовска од с. Д. Агларци;

Советот го разгледа Барањето на Маја Стевановска-Наумовска како еднородителско семејствао, така што со **8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Маја Стевановска-Наумовска од с. Д. Агларци во износ од 20.000,00 ден.

**19 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош Пранвера Ѓони од с. Добромири;

Советот го разгледа Барањето на Пранвера Ѓони како еднородителско семејство, така што **со 8 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Пранвера Ѓони од с. Добромири во износ од 20.000,00 ден.

**20 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Коле Мицевски од с. Бач;

Советниците го разгледаа Барањето на Коле Мицевски како домаќинсво во социјален ризик така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Коле Мицевски од с. Бач во износ од 10.000,00 ден.

**21 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Оливер Митровски од с. Д. Агларци;

Советот го разгледа Барањето на Оливер Митровски како домаќинсво во социјален ризик, така што со **9 гласа за** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Оливер Митровски од с. Д. Агларци во износ од 20.000,00 ден.

**22 точка** Разгледување на Барање за финансиска помош на Виолета Бошевска од Битола;

Советниците го разгледаа Барањето на Виолета Бошевска како згрижувачко семејство на нејзината внука Александра Трајковска од с.Рапеш - малолетно лице без родителска грижа, така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за доделување на еднократна парична помош на Виолета Бошевска од Битола во износ од 20.000,00 ден.

**23 точка** Разгледување и донесување на Програма за одржување, санација и реконструкција на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2024 година;

Советниците ја разгледаа Програмата со која се утврдуваат обемот на работите и средствата за одржување, санација и реконструкција на локалната патна мрежа (локални патишта и улици) на подрачјето на Општина Новаци за 2024 г., за чија реализација од буџетот на Општина Новаци се планира да се одвојат вкупно 7.698.084,00 денари.

По дискусијата, Советниците гласаа така што со **9 гласа за** донесоа Програма за одржување, санација и реконструкција на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2024 година;

**24 точка** Разгледување на Барање од Здружението за младиски активизам - Младинска граѓанска акција од Новаци, за давање на користање на деловен простор кој се наоѓа во Младински култирен центар во Новаци ;

Андреј Наумовски – претседател на „Младинска граѓанска акција“ од Новаци зеде збор по оваа точка и пред Советниците даде објаснување дека договорот за користење на деловниот простор му помина важноста и дека би сакале да го продолжат за повеќе години, при што ги замоли советниците да најдат начин за повикување на одговорност на останатите субјекти кои го користат истиот деловен простор, а при тоа немаат потпишано договор за користење со Општина Новаци. На ова Претседателката Најдовска-Стојковска одговори дека сите субјекти кои го користат истиот деловен простор во одреден временски период, треба да поднесат барање до Советот на Општина Новаци и доколку одговорот е позитивен, да случат договор со Општина Новаци. На тој начин ќе биде дефинирано кој, кога го користи и во каква состојба го затекнал деловниот простор.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за давање на користење на деловен простор на Здружението за младински активизам – „Младинска граѓанска акција“, од Новаци.

**25** **точка** Разгледување на Барање од МЗ на с. Орле за набавка на ребраст лим од 120 м² за реконструкција на кровот на црквата „Св. Недела“;

Советот го разгледа Барањето од МЗ на с. Орле така што со **9 гласа за** донесе Одлука за за одобрување на набавка на градежен матерјал во износ од 20.000,00 ден.

**26 точка** Разгледување на Барање од Драги Каранфиловски од с. Горно Агларци.

Драги Каранфиловски жител од с. Горно Агларци пред советниците детално образложи како започна иницијативата за изградба и постапката на градење на капелата, како и проблемите со кои тој се соочува подолг временски период со Црковниот одбор. Исто така тој нагласи дека од Советот бара да го разреши Црковниот одбор, а ако тоа не е можно тогаш Советот на Општина Новаци да повика финансиска полиција која ќе направи увид во финансиското работење на Црковниот одбор за кое тој се сомнева дека е неправилно.

Претседателката Најдовска Стојковска објасни дека Советот на Општина Новаци нема ингеренции во именувањето или разрешувањето на членови во Црковен одбор, и дека тој треба да се обрати во други институции како на пример кај верски институции надлежни за Пелагонискиот регион и сл.

Советникот Николче Димовски зеде збор и советниците ги информираше дека неодамна се свикал состанок за надминување на несогласувањата. На состанокот биле поканети и присуствувале членовите на Црковниот одбор, советниците кои потекнуваат од тоа село (Николче Димовски и Љупчо Петровски) и Драги Каранфиловски. На состанокот исто така присуствувал и Градоначалникот Стевче Стевановски. Од состанокот не произлегло никакво решение кое би ги задоволиле двете страни.

**27 точка** Советнички прашања.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 43-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска